Точка на дневен ред: **12**
Предлагач: **Надзорен одбор**

## Материјал за Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Предлог-одлука за определување износ на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје

Надзорниот одбор на НЛБ Банка му предлага на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје да ја усвои следната:

## Одлука за определување износ на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје

Во прилог:

– Предлог-одлука за определување износ на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје

Скопје, мај 2024 година

## Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Предлог-одлука за определување износ на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје

Врз основа на член 39 став 1 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на НЛБ Банка АД Скопје на својата седница одржана на ден 29.05.2024 година ја донесе следната

## Одлука за определување износ на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје

1. Согласно со Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка и финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2023 година, на акционерите им се исплатува дивиденда во бруто-износ од 2.251.304.796 МКД.

2. Износот на бруто-дивидендата по акција изнесува МКД 2.636.

3. Последен ден на тргување со право на дивиденда е 10.06.2024 година. Прв ден на тргување без право на дивиденда е 11.06.2024 година.
   Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на делот од добивката наменет за дивиденда е 12.06.2024 година, потврдено со Изводот на акционерската книга од ЦДХВ.

4. Исплатата на дивиденда ќе започне на 25.06.2024 година.

5. Акционерите кои имаат право на дивиденда, ќе бидат известени за оваа Одлука со соопштение во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Македонија.

6. Одлуката стапува во сила на денот на донесување.

Во Скопје, 29.05.2024 година

Одлуката да се достави до:
- Секретаријат
- Служба за стратешко планирање и финансиски контролинг

Претседавач
на Годишното собрание на акционери
на НЛБ Банка АД Скопје

## Образложение

Согласно со член 487 од Законот за трговски друштва, по одобрувањето на Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка и финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2023 година, Собранието на акционери го определува делот којшто им се доделува на акционерите во форма на дивиденда, според родот и класата на акциите.

НЛБ Банка АД Скопје има вкупно издадено 854.061 обична акција. Секој акционер има право на дивиденда соодветно на бројот на акции што ги поседува.

Вкупниот износ на дивиденда којшто им се исплатува на акционерите во бруто-износ изнесува 2.251.304.796 МКД (36.606.582,05 ЕУР со примена на курс 61,5 МКД/ЕУР за информативни пресметки).

Согласно со член 490 од Законот за трговски друштва се утврдува:
- износот на дивиденда **(2.636** МКД бруто-дивиденда по акција**,** 42,86 ЕУР со примена на курс 61,5 МКД/ЕУР за информативни пресметки**)**;
- датумот на евиденција според којшто се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда **(12.06.2024** - согласно со Правилата за котација треба да биде најмалку 14 дена од денот на одржување на Собранието на акционери на кое се носи одлуката за делење на дивиденда);
- планот за исплата на дивидендата и денот на којшто дивидендата започнува да се исплаќа - **25.06.2024;**
- начинот на кој друштвото ги известува лицата кои имаат право на дивиденда според донесената одлука **(соопштение во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Северна Македонија).**

Барањата за исплата на дивиденда (доставени трансакциски сметки за исплата во друга Банка) кои ќе влезат во иницијалниот датум на исплата треба да бидат доставени најдоцна до 14.06.2024 година.

Согласно со член 36 од Правилата за котација на Македонската берза во одлуката дополнително се утврдени и последниот датум на тргување со право на дивиденда **(10.06.2024)** и првиот датум на тргување без право на дивиденда **(11.06.2024).**

Скопје, мај 2024 година